Врз основа на член 88 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013 и 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/2019 и 103/2021) и член 129 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 124/2010, 17/2011, 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија број 103/2021), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 27.2.2023 година, донесе

# Правилник за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиско друштво

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на финансиските извештаи на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво).

## Член 2

Пензиското друштво ги евидентира деловните настани и трансакции во сметководството на пензиското друштво врз основа на сметководствени документи, во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Правилникот за водење на сметководство донесен од министерот за финансии, Меѓународните сметководствени страндарди, Меѓународните стандарди за финансиско известување и овој правилник.

## Член 3

(1) Пензиското друштво ја искажува состојбата на средствата, главнината и обврските на Образецот бр.1; Образецот бр.2; Образецот бр.3; Образецот бр.4; Прилог бр. 1 Белешки кон финансиските извештаи; Образецот бр.5; Образецот бр.6; Образецот бр.7 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(2) Пензиското друштво во Прилог 1 во делот обелоденување на трансакции со поврзано лице треба да ја обелодени секоја трансакција (вложувањата, обврските, приходите и расходите) со поврзано лице согласно член 3 став (1) точката 3 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или член 4 став (1) точка 12 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, основот за трансакцијата, износот на трансакцијата, датумот на трансакцијата, банките преку кои е извршена трансакцијата и името на поврзаното лице.

(3) Пензиското друштво ги признава и прикажува расходите за агенти во целост во периодот во кој се настанати, без разграничување за идни периоди.

## Член 4

(1) Финансиските извештаи заедно со белешките кон финансиските извештаи од член 3 на овој правилник, за првото тромесечие, за првото полугодие и за првите девет месеци од годината, пензиското друштво ги доставува до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) во електронска форма. Финансиските извештаи се доставуваат во ексел табела со тоа што првата страна треба да ги содржи следните податоци: назив на пензиското друштво, вредност на средства под управување, број на членови, датум на почеток на работа на пензското друштво и период на известување а белешките кон финансиските извештаи во ворд документ. Податоците се доставуваат во рок од 30 дена од последниот ден на

пресметковниот период, а годишните неревидирани финансиски извештаи во рок од 30 дена од последниот ден на деловната година.

(2) Пензиското друштво доставува до Агенцијата Бруто биланс заедно со извештаите од став (1) на овој член.

(3) Пензиското друштво ги објавува годишните неревидирани финансиски извештаи и финансиските извештаи за првото тромесечие, за првото полугодие и за првите девет месеци од годината, заедно со белешките кон финансиските извештаи на неговата веб страна, во рок од 5 работни дена од денот на доставување до Агенцијата.

(4) Пензиското друштво ги објавува годишните ревидирани финансиски извештаи со мислење од овластениот ревизор на неговата веб страна во рок од 5 дена од денот на доставување до Агенцијата.

(5) Пензиското друштво го објавува извадокот од годишниот ревидиран финансиски извештај со мислење од овластениот ревизор на неговата веб страна, во рок од 5 работни дена од денот на усвојувањето на извештајот од страна на собранието на акционери на друштвото.

**Член 5**

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиско друштво („Службен весник на Република Македонија"бр.11/2011 , 30/2012, 138/2017 и 32/2018).

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-357/6
28.2.2023 година
С к о п ј е

Претседател на Советот на експерти,
Максуд Али с.р

Образец бр.1

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

на ден __________

| р.б. | група на конта или конто | П О З И Ц И Ј А | Белешки | Претходна година | Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **СРЕДСТВА** | | | |
| 1 | | **А. Побарувања за запишана а неуплатена основна главнина** | | | |
| 2 | | **Б. Долгорочни средства (3+10+18+19+27+28)** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **00** | **Нематеријални средства (4+5+6+7+8+9)** | | | |
| 4 | | 1. Основачки издатоци | | | |
| 5 | | 2. Гудвил (Goodwill) | | | |
| 6 | | 3. Патенти, лиценци и концесии | | | |
| 7 | | 4. Заштитни знаци и слични права | | | |
| 8 | | 5. Аванси за нематеријални средства | | | |
| 9 | | 6. Останати нематеријални средства | | | |
| 10 | **01** | **Материјални средства (11+12+13+14+15+16+17)** | | | |
| 11 | | 1. Земјишта и шуми | | | |
| 12 | | 2. Градежни објекти | | | |
| 13 | | 3. Постројки и опрема | | | |
| 14 | | 4. Алат, погонски и канцелариски материјал, мебел и транспортни средства | | | |
| 15 | | 5. Аванси за материјални средства | | | |
| 16 | | 6.Материјални средства во подготовка | | | |
| 17 | | 7. Останати материјални средства | | | |
| 18 | **02** | **Вложувања во недвижности** | | | |
| 19 | **03** | **Долгорочни финансиски средства (20+21+22+23+24+25+26)** | | | |
| 20 | | 1. Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели) | | | |
| 21 | | 2. Заеми на поврзани субјекти | | | |
| 22 | | 3. Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | | |
| 23 | | 4. Финансиски средства расположливи за продажба | | | |
| 24 | | 5. Финансиски средства според објективна вредност преку добивка или загуба | | | |
| 25 | | 7. Дадени кредити, депозити и кауции | | | |
| 26 | | 8. Останати долгорочни вложувања | | | |
| 27 | **04** | **Долгорочни побарувања** | | | |
| 28 | **05** | **Одложени даночни средства** | | | |
| 29 | | **В. Краткорочни средства (30+38+42+49+55+59+60+67+72+73)** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30 | **10** | Парични средства и парични еквиваленти **(31+32+33+34+35+36+37)** | | | |
| 31 | | 1. Жиро сметки | | | |
| 32 | | 2. Благајна | | | |
| 33 | | 3. Девизни сметки | | | |
| 34 | | 4. Девизни акредитиви | | | |
| 35 | | 5. Девизна благајна | | | |
| 36 | | 6. Депозити и хартии од вредност – парични еквиваленти | | | |
| 37 | | 7. Останати парични средства | | | |
| 38 | **11** | **Побарувања од поврзани субјекти (39+40+41)** | | | |
| 39 | | 1. Побарувања од поврзани субјекти по основ на продажба на производи и услуги | | | |
| 40 | | 2. Побарувања по камати од поврзани субјекти | | | |
| 41 | | 3. Останати побарувања од поврзани субјекти | | | |
| 42 | **12** | **Побарувања од купувачите (43+44+45+46+47+48)** | | | |
| 43 | | 1. Побарувања од купувачи | | | |
| 44 | | 2. Побарување за надоместок од уплатени придонеси | | | |
| 45 | | 3. Побарување за надоместок за управување со средства | | | |
| 46 | | 4. Побарувања за надоместок за премин | | | |
| 47 | | 5. Побаравања од камати на депозити и хартии од вредност | | | |
| 48 | | 6. Останати побарувања | | | |
| 49 | **13** | **Побарувања од државата и други институции (50+51+52+53+54)** | | | |
| 50 | | 1. Данок на додадена вредност | | | |
| 51 | | 2. Побарувања за повеќе платен персонален данок на доход | | | |
| 52 | | 3. Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси од плати | | | |
| 53 | | 4. Побарувања за повеќе платени даноци од добивката | | | |
| 54 | | 5. Побарувања од државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки | | | |
| 55 | **14** | **Побарувања од вработените (56+57+58)** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 56 | | 1. Побарувања од вработените за повеќе исплатени плати и надоместоци на плати и други примања | | | |
| 57 | | 2. Побарувања од вработените за аконтации за службени побарувања | | | |
| 58 | | 3. Останати побарувања од вработените | | | |
| 59 | **15** | **Останати побарувања** | | | |
| 60 | **16** | **Краткорочни  финансиски средства (61+62+63+64+65+66)** | | | |
| 61 | | 1. Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели) | | | |
| 62 | | 2. Краткорочни кредити и заеми | | | |
| 63 | | 3. Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање | | | |
| 64 | | 4. Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба | | | |
| 65 | | 5. Краткорочно орочени средства | | | |
| 66 | | 6. Останати краткорочни вложувања | | | |
| 67 | **19** | **Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) (68+69+70+71)** | | | |
| 68 | | 1. Однапред платени трошоци | | | |
| 69 | | 2. Трошоци што се разграничуваат на повеќе години | | | |
| 70 | | 3. Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани | | | |
| 71 | | 4. Останати платени трошоци и пресметани приходи | | | |
| 72 | **32** | **Залиха на резервни делови** | | | |
| 73 | **35** | **Залиха на ситен инвентар и амбалажа** | | | |
| 74 | | **Г. Вкупно средства (1+2+29)** | | | |
| 75 | | **Д. Вонбилансна евиденција** | | | |

| **р.б.** | **група на конта или конто** | **П О З И Ц И Ј А** | **Белешки** | **Претходна година** | **Тековна година** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| 76 | | **А. Главнина и резерви (77+81+82+83+87+90)** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 77 | **90** | **Основна главнина – запишан капитал (78+79+80)** | | | |
| 78 | | 1. Основна главнина – запишан и уплатен капитал | | | |
| 79 | | 2. Запишана а неуплатена основна главнина | | | |
| 80 | | 3. Сопствени акции и удели | | | |
| 81 | **91** | **Премии  на емитирани акции** | | | |
| 82 | **93** | **Ревалоризациони резерви** | | | |
| 83 | **94** | **Резерви (84+85+86)** | | | |
| 84 | | 1. Законски резерви | | | |
| 85 | | 2. Статутарни резерви | | | |
| 86 | | 3. Останати резерви | | | |
| 87 | **95** | **Акумулирана добивка и добивка за финансиската година (88+89)** | | | |
| 88 | | 1. Акумулирана добивка | | | |
| 89 | | 2. Добивка за финансиската година | | | |
| 90 | **96** | **Пренесена загуба и загуба за финансиската година (91+92)** | | | |
| 91 | | 1. Пренесена загуба | | | |
| 92 | | 2. Загуба за финансиската година | | | |
| 93 | | **Б. Долгорочни обврски (94+97)** | | | |
| 94 | **27** | **Долгорочни резервирања (95+96)** | | | |
| 95 | | 1. Резервирања за пензии, отпремнини и сл обврски кон вработени | | | |
| 96 | | 2. Останати долгорочни резервирања за ризици | | | |
| 97 | **28** | **Долгорочни обврски (98+99+100+101+102+103)** | | | |
| 98 | | 1. Долгорочни обврски спрема пензиските фондови | | | |
| 99 | | 2. Долгорочно обврски спрема поврзани субјекти | | | |
| 100 | | 3. Долгорочни обврски врз основа на заеми, кредити, и кауции | | | |
| 101 | | 4. Долгорочни обврски спрема добавувачите | | | |
| 102 | | 5. Долгорочни обврски врз основа на хартии од вредност | | | |
| 103 | | 6. Одложени даночни обврски | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 104 | | **В. Краткорочни обврски (105+108+114+120+123+124+128)** | | | |
| 105 | **21** | **Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти (106+107)** | | | |
| 106 | | 1. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во земјата | | | |
| 107 | | 2. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во странство | | | |
| 108 | **22** | **Обврски кон добавувачите (109+110+111+112+113)** | | | |
| 109 | | 1. Обврски кон добавувачите во земјата | | | |
| 110 | | 2. Обврски кон добавувачите во странство | | | |
| 111 | | 3. Обврски кон МАПАС | | | |
| 112 | | 4. Обврски кон Фондот на ПИОМ | | | |
| 113 | | 5. Обрски кон чуварот на имот | | | |
| 114 | **23** | **Краткорочни обврски за даноци и други давачки (115+116+117+118+119)** | | | |
| 115 | | 1. Обврски за данок на додадена вредност | | | |
| 116 | | 2. Обврски за персонален данок на доход | | | |
| 117 | | 3. Обврски за даноци и придонеси од плати | | | |
| 118 | | 4. Обврски за даноци од добивката | | | |
| 119 | | 5. Обврски кон државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки | | | |
| 120 | **24** | **Обврски спрема вработените (121+122)** | | | |
| 121 | | 1. Обврски за плата и надоместоци на плата | | | |
| 122 | | 2. Останати обврски спрема вработените | | | |
| 123 | **25** | **Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања** | | | |
| 124 | **26** | **Краткорочни финансиски обврски (125+126+127)** | | | |
| 125 | | 1. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити од поврзани друштва | | | |
| 126 | | 2. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и од странство | | | |
| 127 | | 3. Обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства | | | |
| 128 | **29** | **Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (129+130)** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 129 | | 1. Пресметано а одложено плаќање на трошоците | | | |
| 130 | | 2. Останато одложено плаќање на трошоците и приходите | | | |
| 131 | | **Г. Вкупно обврски (93+104)** | | | |
| 132 | | **Д. Вкупно главнина и обврски (76+131)** | | | |
| 133 | | **Ѓ. Вонбилансна евиденција** | | | |

Образец бр.2

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

за периодот од ___до _____

| р.б. | група на конта или конто | ПОЗИЦИЈА | Белешка | Претходна година | Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **1** | **73** | **Приходи од управување со фондот (2+3+4)** | **5** | | |
| 2 | | Приходи од надоместок од придонеси | | | |
| 3 | | Приходи од надоместок за управување | | | |
| 4 | | Приходи од надоместок за премин | | | |
| **5** | **70** | **Расходи од управување со фондот (6+7+8+9+10+11+12)** | **6** | | |
| 6 | | 1.Расходи за МАПАС | | | |
| 7 | | 2.Расходи за чуварот на имот | | | |
| 8 | | 3. Расходи за Фондот на ПИОМ (% од уплатени придонеси) | | | |
| 9 | | 4. Трошоци за трансакции | | | |
| 10 | | 5. Трошоци за маркетинг | | | |
| 11 | | 6. Трошоци за агенти | | | |
| 12 | | 7. Останати трошоци за управување со фондот | | | |
| **13** | | **Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-5)** | | | |
| **14** | **76** | **Останати приходи на друштвото** | | | |
| **15** | **40-46** | **Расходи од управување со друштвата (16+17+18+19+20+21)** | | | |
| *16* | | 1. Трошоци за суровини и други материјали | **7** | | |
| *17* | | 2. Трошоци за услуги | **8** | | |
| | | Поштенски, телефонски и интернет услуги | | | |
| | | Услуги за одржување и заштита | | | |
| | | Наемнини | | | |
| | | Останати услуги | | | |
| *18* | | 3. Плати и надоместоци на плата и останати трошоци на вработените | **9** | | |
| | | Трошоци за плати | | | |
| | | Регрес за годишен одмор | | | |
| | | Новогодишен надомест | | | |
| | | Отпремнина за пензија | | | |
| | | Надомест за одвоен живот | | | |
| | | Други лични примања по менаџерски договор | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Трошоци за службени патувања | | | |
| | | Трошоци за стручно образование | | | |
| | | Доброволно здравствено осигурување | | | |
| | | Доброволно пензиско осигурување | | | |
| | | Останати трошоци за вработените | | | |
| *19* | | 4. Амортизација и вредносно усогласување | | | |
| | | Амортизација | | | |
| *20* | | 5. Резервирања за трошоци и ризици | | | |
| *21* | | 6. Останати трошоци од работењето | **10** | | |
| **22** | **77** | **Финансиски приходи (23+24+25+26+27+28+29+30)** | | | |
| 23 | | 1. Приходи од вложувања во поврзани субјекти | | | |
| 24 | | 2. Приходи од вложувања во неповрзани субјекти | | | |
| 25 | | 3. Приходи врз основа на камати од работењето со поврзани субјекти | | | |
| 26 | | 4. Приходи од курсни разлики од работењето со поврзани друштва | | | |
| 27 | | 5. Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани субјекти | | | |
| 28 | | 6. Приходи врз основа на курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти | | | |
| 29 | | 7. Нереализирани добивки ( приходи) од финансиски средства | | | |
| 30 | | 8. Останати финансиски приходи | | | |
| **31** | **47** | **Финансиски расходи (32+33+34+35+36+37+38+39+40)** | | | |
| 32 | | 1. Камати од работењето со поврзани субјекти | | | |
| 33 | | 2. Курсни разлики во работењето со поврзани субјекти | | | |
| 34 | | 3. Останати финансиски расходи од работењето со поврзани субјекти | | | |
| 35 | | 4. Камати од работењето со неповрзани субјекти | | | |
| 36 | | 5. Затезни камати | | | |
| 37 | | 6. Курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти | | | |
| 38 | | 7. Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства | | | |
| 39 | | 8. Вредносно усогласување на долгорочни финансиски средства и хартии од вредност расположливи за продажба | | | |
| 40 | | 9. Останати финансиски расходи | | | |
| **41** | | **Вкупно приходи (1+14+22)** | | | |
| **42** | | **Вкупно расходи (5+15+31)** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **43** | | **Добивка (Загуба) пред оданочување (41-42)** | | | |
| **44** | | **Данок на добивка** | | | |
| **45** | | **Добивка (загуба) по оданочување (43-44)** | | | |
| **46** | | **Малцинско учество** | | | |
| **47** | | **Нето добивка ( загуба) за пресметковниот период (45-46)** | | | |

[1] "Трошоци за трансакции" се трошоци согласно закон кои во име на задолжителниот и/или доброволниот пензискиот фонд, а за сметка на пензиското друштво, ги плаќа пензиското друштво.
[2] "Трошоци за маркетинг" се сите трошоци поврзани со активност чија цел е зачленување и премин на членови од еден во друг задолжителен или доброволен пензиски фонд, рекламирање на карактеристиките на системот на задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и особено на пензиското друштво, како и активност извршена со цел обезбедување услуга и информација или објективно и навремено обезбедување на податок поврзан со работењето на пензиското друштво на сегашните или идни членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд, било во или надвор од пензиското друштво или филијалите, директно или преку соодветен вид на комуникација (телефон, факс, интернет). Во "Трошоци за маркетинг" се вклучуваат и трошоците поврзани со известувањата кои се доставуваат до членовите.
[3] "Трошоци за агенти" се сите трошоци направени за организирање и полагање на испити за стекнување на својство на агент, за упис во регистарот на агенти, за издавање и продолжување на дозвола за агент, надомест за склучен договор за членство, трошоци за едукација на агентската мрежа и сл.
[4] "Останати трошоци за управување со фондот" се трошоци за добивање на дозвола за основање на пензиско друштво и одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, трошоци за внес, корекција и поништување на договор за членство во Регистарот на членови, поднесоци и жалби до Агенцијата, трошоци за спроведување на постапка за давање одобренија од страна на Агенцијата, пристап до информацискиот систем на Агенцијата и сл.

Образец бр. 3

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**

за годината завршена на ________

| р.б. | ПОЗИЦИЈА | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 01 | Парични приливи од деловни активности | |
| 02 | Парични одливи од деловни активности | |
| 03 | **Нето паричен тек од деловни активности (1-2)** | |
| 04 | Парични приливи од инвестициски активности | |
| 05 | Парични одливи од инвестициски активности | |
| 06 | **Нето паричен тек од инвестициски активности (4-5)** | |
| 07 | Парични приливи од финансиски активности | |
| 08 | Парични одливи од финансиски активности | |
| 09 | **Нето паричен тек од финансиски активности (7-8)** | |
| 10 | **Нето зголемување или намалување на парите и паричните еквиваленти (3+6+9)** | |
| 11 | **Пари и парични еквиваленти на почетокот на периодот** | |
| 12 | **Пари и парични еквиваленти на крајот на периодот** | |

Образец број 4

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА**
**за периодот од _____________ до ____________ година**

| | Акционерски капитал | Ревалоризациона резерва | Законска резерва | Останати резерви | Добивка за тековната година | Акумулирана добивка | Непокриена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 31 декември** | | | | | | | | |
| **Уплатен акционерски капитал** | | | | | | | | |
| **Добивка за тековната година** | | | | | | | | |
| **Нето добивки и загуби од вреднување на средства расположиви за продажба** | | | | | | | | |
| **Покривање на акумулирана загуба** | | | | | | | | |
| **Пренос во акумулирана добивка** | | | | | | | | |
| **Пренос во законски** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **резерви** | | | | | | | | |
| **Издвоена добивка за реинвестирање** | | | | | | | | |
| **Пренос на неискористен дел од издвоена добивка за реинвестирање во акумулирана добивка** | | | | | | | | |
| **Исплатена дивиденда** | | | | | | | | |
| **Актуарски добивки/ (загуби) од останати користи на вработени** | | | | | | | | |
| **Состојба на крај на извештајни от период** | | | | | | | | |

Прилог 1

## Белешки кон финансиските извештаи

Белешките кон финансиските извештаи треба да:

1. Презентираат информации за основата за подготвување на финансиските извештаи и специфичните сметководствени политики кои се избрани и применети за значајни трансакции и настани;
2. Ги обелоденат информациите барани во меѓународните сметководствени стандарди кои не се презентирани на друго место во финансиските извештаи;
3. Ги обелоденат трансакциите со поврзаните лица на пензиското друштво согласно член 3 став (1) точка 3 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или член 4 став (1) точка 12 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.
4. Обезбедат дополнителни информации кои не се презентирани во рамките на финансиските извештаи, но се неопходни за објективно презентирање дадени на Образец број 5,Образец број 6 и Образец број 7.
5. Презентираат податоци за приходите и расходите за управување со задолжителниот односно доброволниот пензиски фонд одделно. За податоците кои не можат да се одделат, пензиското друштво како пондер за одделување го употребува бројот на членови во задолжителниот односно доброволниот пензиски фонд.

Во делот за сметководствените политики кои се однесуваат на белешките кон финансиските извештаи треба да се опише следново:

1. Основните мерења користени за составување на финансиските извештаи и
2. Секоја специфична сметководствена политика која е неопходна за правилно разбирање на финансиските извештаи.

Образец број 5

**Обелоденување на структурата на вложување на пензиското друштво во домашни финансиски институции**

| ОПИС | Домашни финансиски институции [1/] | | |
|---|---|---|---|
| | Банки | Осигурување | Инвестициски фондови |
| Обврзници и други долгорочни должнички хартии од вредност | | | |
| Краткорочни хартии од вредност | | | |
| Парични средства | | | |
| Пласмани и депозити | | | |
| Останати средства | | | |
| **Вкупно средства** | | | |

**Обелоденување на сопственичка структура на капиталот на пензиското друштво според процент на сопственост и секторска припадност на сопствениците**

| Сопственик на пензиското друштво | Процент на сопственост на основна главнина | Број на акции што ги поседува | Номинална вредност што ја поседува во ЕУР | Исплатена дивиденда во период на известување во МКД | Секторска припадност на сопственик [2/] |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

**Обелоденување на сметководствена вредност на вложувањата во подружни придружени друштва или заеднички вложувања, со наведување на соодветно друштво во кое е направено вложувањето**

| Вложување | Сметководствена вредност |
|---|---|
| | |
| | |

1/ Известување за вложување во финансиски средства само во домашни финансиски институции изразено во цели износи во денари

2/ Известување во наративна форма за секторска припадност на сопственик согласно класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика

Образец бр.6

**Извештај за ликвидни средства**

**период на ден                 година**

| | |
|---|---|
| **10** | **Парични средства и парични еквиваленти** |
| 100 | Парични средства на трансакциски сметки во денари |
| 101 | Издвоени парични средства и акредитиви |
| 102 | Парични средства во благајна |
| 103 | Девизни сметки |
| 104 | Девизни акредитиви |
| 105 | Парични средства во благајна во странска валута |
| 106 | Депозити - парични еквиваленти |
| 107 | Хартии од вредност- готовински еквиваленти |
| 108 | Останати парични средства |
| 109 | Вредносно усогласување на парични еквиваленти |
| **16** | **Краткорочни финансиски средства** |
| 160 | Краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во земјата |
| 161 | Краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во страство |
| 162 | Краткорочни кредити и заеми во земјата |
| 163 | Краткорочни кредити и заеми во странство |
| 164 | Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање |
| 165 | Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба |
| 166 | Краткорочно орочени денарски средства |
| 167 | Краткорочно орочени странски средства за плаќање |
| 168 | Останати краткорочни финансиски средства |
| 169 | Вредносно  усогласување на финансиски средства |

Образец бр.7

| | | | |
|---|---|---|---|
| | период ____________-________________ година | | |
| **Приходи на пензиското друштво** | | | |
| **Опис** | **Износ [1/]** | **Износ на надоместок** | **Датум на примена** |
| **Приходи од управување со задолжителниот пензиски фонд** | | | |
| Надоместок од придонеси од задолжителниот пензиски фонд | | | |
| Надоместок од средства од задолжителниот пензиски фонд (Месечен надоместок од нето средствата) | | | |
| Надоместок од премин од задолжителниот пензиски фонд (број на денови ≤ 720) | | | |
| Вкупно приходи од управување со задолжителниот пензиски фонд | | | |
| **Приходи од управување со доброволниот пензиски фонд** | | | |
| Надоместок од придонеси од доброволниот пензиски фонд | | | |
| Надоместок од средства од доброволниот пензиски фонд (Месечен надоместок од нето средствата) | | | |
| Надоместок од премин од доброволниот пензиски фонд (број на денови ≤ 360) | | | |
| Вкупно приходи од управување со доброволниот пензиски фонд | | | |
| Финансиски приходи | | | |
| Останати приходи на друштвото | | | |
| Вкупно приходи | | | |
| **Трошоци на пензиското друштво** | | | |
| **Опис** | **Износ [1/]** | **Износ на надоместок** | **Датум на примена** |
| **Трошоци за управување со задолжителниот пензиски фонд** | | | |
| Трошоци за агенти на друштвото | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци за маркетинг | | | |
| Трошоци за трансакции | | | |
| Трошоци за МАПАС (надоместок од придонес) | | | |
| Трошоци за чувар на имот (месечен надоместок од нето средствата) | | | |
| Трошоци за Фондот на ПИОСМ (надоместок од придонес) | | | |
| Останати трошоци од управување со фондот | | | |
| Вкупно трошоци за управување со задолжителниот пензиски фонд | | | |
| **Трошоци за управување со доброволниот пензиски фонд** | | | |
| Трошоци за агенти на друштвото | | | |
| Трошоци за маркетинг | | | |
| Трошоци за трансакции | | | |
| Трошоци за МАПАС (надоместок од придонес) | | | |
| Трошоци за чувар на имот (месечен надоместок од нето средствата) | | | |
| Останати трошоци од управување со фондот | | | |
| Вкупно трошоци за управување со доброволниот пензиски фонд | | | |
| **Трошоци од управување со друштвото** | | | |
| Плати и надоместоци за вработените | | | |
| Трошоци за услуги | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | | | |
| Амортизација | | | |
| Финансиски расходи | | | |
| Останати трошоци од работењето | | | |
| Резервирања за трошоци и ризици | | | |
| Вкупно трошоци од управување со друштвото | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | |
| **Финансиски резултат на пензиското друштво** | | | |
| **Опис** | **Износ** [1/] | | |
| Добивка/Загуба | | | |
| Добивка/Загуба по оданочување | | | |
| Вонредни расходи | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Нето добивка/загуба | | | |
| Друга сеопфатна добивка | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка | | | |
| Акумулирана добивка/ загуба | | | |
| **Главнина, основна главнина и сопствени средства на пензиските друштва** | | | |
| **Опис** | **Износ** [1/] | | |
| Главнина и резерви | | | |
| Основна главнина | | | |
| Вишок главнина над законски утврден минимум | | | |
| Сопствени средства | | | |
| Вишок сопствени средства над законскиот минимум | | | |
| **Индикатори** | | | |
| **Опис** | **Износ** [1/] | | |
| Просечни приходи по член | | | |
| Просечни расходи по член | | | |
| Добивка по член | | | |
| Коефициент за ефикасност | | | |
| РОА | | | |
| РОЕ | | | |
| 1/ Износите се изразуваат во денари во цела вредност и се пополнуваат само полињата кои се празни, останатите се пополнуваат автоматски преку ексел формула | | | |